# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 10 Година II 11.12.2009


## ТРИДНЕВНО ЗАГРЕВАЊЕ ПРЕД
# НОВОГОДИШНАТА НОЌ



## РЕКОНСТРУИРАН
# ДКЦ „КАРПОШ“

„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Заменик уредник**
Елена Кузмановска

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



# ПОЧНА ПРИЈАВУВАЊЕТО ЗА “НОВОГОДИШНИТЕ БОИ НА СКОПЈЕ“

Градот Скопје ја почна традиционалната манифестација “Новогодишните бои на Скопје“ во којашто скопјани и годинава ќе може да се натпреваруваат за најкреативно новогодишно украсување на своите домови и работни простории. Целта на манифестацијата е да ја поттикне инвентивноста и креативноста на граѓаните да придонесат за посебен новогодишен изглед на градот за време на претстојните празници.

Заинтересираните граѓани и правни субјекти што сакаат да учествуваат во акцијата можат да се пријават на телефонскиот број 3297 265, од 9 до 16 часот, најдоцна до 21 декември. Фотографии од украсените објекти заедно со личните податоци за сопствениците, телефонскиот број и адресата, може да се испраќаат на Интернет-адресата mediumi@skopje.gov.mk или на адреса: булевар Илинден 66, со назнака за акцијата „Новогодишните бои на Скопје“.

**Годинава, традиционално, ќе се избира:**

- Најубаво новогодишно украсен двор од индивидуална станбена куќа;
- Најубаво украсен прозорец или тераса од стан;
- Најубаво украсен деловен објект (продавници, ресторани, кафулиња).
- Најубаво украсен двор на средно училиште

**Оваа година се воведува и нова категорија, и тоа:**

- Најубаво украсен влез пред колективно домување (станбена зграда)

Жири-комисијата којашто ќе ги оценува пристигнатите пријави ќе биде составена од претставници на медиумите.

Град Скопје обезбеди фонд награди што ќе им бидат доделени на најуспешните, а спонзорите ќе го зголемат наградниот фонд. Спонзори на манифестацијата се ЕВН - Македонија /на победниците во сите категории компанијата ќе им додели вредносни ваучери во висина на сметката за струја за декември 2009 година/, Дијагностика Фармахем - Скопје и претпријатието ФАС ВАС од Скопје.

Наградите ќе ги врачи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, со претставници од фирмите спонзори, на крајот на декември.

*Градот Скопје се подготвува за пречекот на Новата 2010 година*

# ТРИДНЕВНО ЗАГРЕВАЊЕ ПРЕД НАЈЛУДАТА НОЌ

Плоштадот „Македонија“, улиците и јавните објекти во центарот на градот деновиве добија новогодишен изглед. Екипи на Градот Скопје ги украсуваат со светилки и новогодишни украси јавните површини во пресрет на Новогодишните празници. Годинава, за организацијата на Новогодишната прослава во Скопје ќе се погрижи телекомуникацискиот оператор „ONE“. Операторот „ONE“ обезбедува четиридневна забава за скопјани, на повеќе локации во градот, со настапи на познати музички имиња од Македонија, Хрватска и од Словенија коишто ќе ја подгреат празничната атмосфера и на централната новогодишна прослава на главната сцена на плоштадот, на 31 декември.

Имињата на пејачите коишто за Нова Година ќе настапуваат во Скопје ќе бидат објавени по потпишувањето на договорите со операторот „ONE“.

Телекомуникацискиот опертор „ONE“ ќе ги обезбеди и светилките во бела и во црвена боја коишто ќе блеснат на 21 – метарската елка што е поставена во централниот дел на плоштадот „Македонија“.




Фирмата „Линк Медиа Плус“ што Градот Скопје ја одбра на јавен повик за да го украси градот во пресрет на Новата 2010 година го накити плоштадот „Македонија“ со новогодишно небо од светилки и од украси. Градските улици се накитени со новогодишни светлосни украси, канделабрите се обвиткани со светлосни цреva, а се украсуваат и жардиниерите. Фирмата „Линк Медиа Плус“ ќе го украси и паркот „Жена борец“, булеварот Партизански одреди, трговскиот центар „Мавровка“, Универзитетската библиотека „Свети Климент Охридски“ и делови од Старата скопска чаршија. Украсувањето на улиците во градот делумно е финансирано од телекомуникацискиот оператор „ONE“ за да се обезбеди уште посвечен новогодишен изглед.

Круна на прославата на новогодишната ноќ ќе биде огнометот што ќе трае 6,5 минути.

За новогодишното украсување на градот, Градот Скопје годинава ќе потроши 6,2 милиони денари.



*Со одлука на Советот на Град Скопје*

# ЌЕ СЕ НАБАВАТ НОВИ **12 КАМИОНИ** ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ

Градот Скопје наредната година ќе набави 12 нови специјални возила за собирање комунален отпад, со што значително ќе се подобри работата на ЈП „Комунална хигиена". За набавката на новите возила, едногласно даде согласност и Советот на Град Скопје, на својата десетта седница.

Според планот, ќе се набават шест специјални комунални возила со зафатнина од 20 кубни метри и шест специјални комунални возила со зафатнина од 8 кубни метри. За таа намена Градот Скопје ќе потроши 70 милиони денари, пари обезбедени од градскиот Буџет за 2009 и 2010 година.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски вели дека ова е една од повеќето мерки за подобрување на хигиената во градот.

- Досега набавивме шест возила за собирање комунален смет, од кои четири веќе пристигнаа, а деновиве ќе пристигнат уште две. Со набавката на овие дополнителни дванаесет возила, јавното претпријатие „Комунална хигиена" ќе се доопреми. Со оваа мерка очекуваме значително да се подобри хигиената во Скопје. Дополнително, во моментов преговараме со Владата на Република Македонија и со Светската банка за кредит за набавка на дополнителни 15 до 20 возила, коишто би пристигнале кон крајот на наредната година. Со ова, значително би се подобрила работата на ЈП „Комунална хигиена" што ќе биде опремена со над 30 нови возила – објаснува градоначалникот Трајановски.





# СЕ ГРАДИ ПРЕПУМПНА СТАНИЦА ЗА ФЕКАЛНИ ВОДИ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

Препумпна станица којашто директно ќе ги препумпува и ќе ги одведува сите фекални отпадни води од населбите Горно Лисиче, Лисиче, Ново Лисиче, Аеродром и од 11 Октомври на 19 ноември почна да се гради на десниот брег на реката Вардар, во населбата Горно Лисиче. Изградбата на станицата е заедничка инвестиција на Градот Скопје, општината Аеродром и Министерството за транспорт и врски. Градот Скопје во овој проект учествува со 12 милиона денари.

Почетокот на изградбата на станицата го означија градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општината Аеродром, Ивица Коневски и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски.

- Овој проект е од исклучително значење за Градот Скопје, како од еколошки аспект, така и од економски аспект, зашто граѓаните од овој дел од градот имаа големи трошоци за чистење на септичките јами. Со изградбата на фекалната канализација и на препумпната станица во Горно Лисиче којашто ќе опслужува неколку населби ќе се реши долгогодишниот проблем на граѓаните. Откако ќе заврши изградбата на препумпната станица, таа ќе биде предадена на ЈП „Водовод и канализација", коишто ќе бидат задолжени за нејзино одржување. Ние ќе продолжиме да работиме на проектот за пречистителна станица на другата страна на реката Вардар, за прочистување на отпадните води – рече градоначалникот Трајановски, на камен-темелникот на новата препумпна станица во Горно Лисиче.

Пумпната станица ќе се користи за подигнување на фекалните води од нискиот колектор на десниот брег на реката Вардар, чијашто изградба е при крај, во транзитниот основен колектор. Со тоа, отпадните води нема да се задржуваат и ќе се спречи гниење на органските материи во водата.

Капацитетот на препумпната станица е 1.450 литри во секунда, со длабочина на испумпување до 7 метри.

Ако дозволат временските услови изградбата на препумпната станица се очекува да заврши до крајот на годинава. На изградба на станицата ќе работат екипите на „Декатам", а технички надзор ќе вршат стручните служби на ЈП „Водовод и канализација". Стручен надзор на работите ќе врши фирмата „Балкан консалтинг", којашто ја ангажираше општината Аеродром.

Изградбата на препумпната станица ќе чини 700.000 евра.

# ВТОР ЦИКЛУС СІ
# УРБАНИТЕ И МЕС

Во периодот од 25 ноември до 4 декември градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, ги посети сите десет општини на територијата на Скопје и се сретна со претседателите на урбаните и на месните заедници. Ова е втор циклус посети на сите скопски општини, со цел Трајановски одблизу да се запознае со проблемите на граѓаните и да се евалуираат резултатите од првата средба, а претставниците на урбаните и на месните заедници да се запознаат со плановите на Градот Скопје за 2010 година кои се однесуваат на нивните општини.

На состаноците на кои присуствуваа директорите на јавните градски претпријатија, како и претставници на администрацијата на Градот Скопје, претставниците на урбаните и месните заедници имаа можност директно да им ги посочат проблемите со коишто се соочуваат во нивното секојдневие, да дадат мислење за работата на јавните претпријатија и да дадат свои предлози за надминување на истите.

При посетата на општината Гази Баба, најголемиот број прашања се однесуваа на собирањето на сметот во руралните населби коишто не се опфатени со Генералниот урбанистички план.

- Досега се набавени 6 специјални возила за собирање на комуналниот смет, а деновиве на седница на Советот на Град Скопје помина и одлука со којашто ќе се набават дополнителни 12 возила за отпад. Преговараме и со Светската Банка за набавка на дополнителни 15 до 20 возила преку кредит, со што значително ќе се опреми механизацијата во ЈП „Комунална хигиена". Со ова ќе се исполнат и предусловите ЈП „Комунална хигиена" да го почне собирањето на сметот од руралните населби, со што ќе се реши еден од најгорливите проблеми за овие граѓани – рече градоначалникот Трајановски.

Во општината Центар најголемиот дел од дискусиите беа поврзани со резултатите што ги дава зонското паркирање во оваа општина. Претставниците од урбаните заедници изразија задоволство од ефектите на зонското паркирање и од фактот што граѓаните првпат имаат загарантирано паркинг-место пред своите домови. На средбата беа понудени неколку предлози како зонското паркирање да биде поефикасно и подобро да функционира.

На средбата во општината Карпош, на барање на месните и на урбаните заедници, присуствуваа и



# РЕДБИ СО
# НИТЕ ЗАЕДНИЦИ

претставници на полициската станица „Карпош“ и сообраќајната полиција. До нив беа доставени поголем број поплаки за зголемена бучава на некои места, непочитување на еднонасочниот сообраќај во населбите Карпош 3 и 4 и пребрзото возење на некои од улиците во Карпош. Како најсериозен проблем во општината Карпош беше посочен проблемот со водоснабдувањето на високите зони во населбата Нерези.

При посетата на општината Аеродром, најголемиот број прашања беа поврзани со реализацијата на проширувањето на булеварот Србија, како и за подигнувањето на сметот во руралниот дел од општината.

Претставниците од урбаните и од месните заедници од општината Кисела Вода најмногу се интересираа за плановите и реализацијата на проширувањето на булеварот Првомајска. На оваа средба беа упатени голем број барања и предлози до јавното сообраќајно претпријатие и до Секторот за сообраќај на Град Скопје за измени во возниот ред на постојните линии и нивно евентуално продолжување.



На средбата со месните заедници од општината Сарај, најмногу се дискутираше за плановите на Градот и на општината Сарај за ревитализација на езерото „Треска“, како и за повторното заживување на спортско-рекреативниот центар „Сарај“.

При посетата на општината Ѓорче Петров, претставниците на урбаните и на месните заедници најголем број забелешки и предлози упатија до јавното сообраќајно претпријатие и побараа неколку измени во возниот ред на постојаните линии и воведување нови автобуски линии.



Плановите за ревитализација на Старата скопска чаршија и враќањето на скопјани во неа беше главната тема на којашто се дискутираше за време на посетата на градоначалникот Трајановски на општината Чаир. Претставниците на месните заедници побараа поголем ангажман на ЈП „Паркови и зеленило“ за поткастрување и сечење на старите дрвја.

Прашања од сферата на комуналната хигиена најмногу беа поставувани од претставниците на месните заедници од општината Бутел. Тие побараа поредовно да се собира комуналниот смет и да се подига отпадот во местата што не се опфатени со Генералниот урбанистички план.

На средбата со претставниците од месните заедници од општината Шуто Оризари, најголемиот дел од дискусијата се однесуваше на подигнување на нивото на јавната хигиена и на подобрувањето на состојбата со улиците во општината.



# ВО ГОЛЕМАТА ГРАДСКА АКЦИЈА ДОДЕЛЕНИ 4.000 САДНИЦИ

Градската акција за доделување бесплатни садници на заинтересираните куќни совети, месни заедници, културни, здравствени, образовни и јавни установи, како и на верските објекти заврши на 30 ноември. Вкупно беа доделени околу 4.000 садници од 35 вида зимзелени и листопадни дрвја, како и грмушки.

- Пријавените добиваат најмногу десет дрвца. Оваа акција во голема мера придонесува за зазеленување на Скопје, а стручни лица од ЈП „Паркови и зеленило" во наредниот период ќе ги контролираат засадените садници во оваа акција за да се уверат дали засадувањето е успешно. Во оваа пригода ја промовиравме и новата машина за корнење пенушки што е наменета за потребите на ЈП „Паркови и зеленило". Машината во исто-време е и ровокопач и утоварувач и е прва машина од таков тип со којашто располага ЈП „Паркови и зеленило". До крајот на годинава очекуваме да пристигнат уште 4 нови машини што ќе ја олеснат работата на ЈП „Паркови и зеленило" – рече градоначалникот Трајановски на доделувањето на првите садници од оваа акција.

Акцијата за доделување садници Градот Скопје ја организира традиционално, повеќе години, напролет и наесен. За во 2010 година за организирање на оваа акција во градскиот Буџет се планирани 2 милиона денари.




# САНИРАЊЕТО НА ПРЕКОПИТЕ НА УЛИЦИТЕ ГЛАВНА ТЕМА НА ПЕТТОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ

Санирањето на прекопите на улиците и нивното враќање во првобитна состојба по интервенциите на јавните претпријатија и на компаниите ЕВН - Македонија, „Телеком" и „Топлификација" беше главната тема за којашто разговараа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалниците на скопските општини на петтата седница на Координативното тело на градоначалници што се одржа кон крајот на минатиот месец. Градоначалниците донесоа заклучок јавните претпријатија и приватните фирми да подготвуваат проекти за секоја одделна интервенција, да се издава посебна дозвола и да се потпише договор. Градоначалниците ќе формираат работно тело коешто ќе ја дефинира верзијата на договорот што ќе го потпишуваат сите општини со изведувачите на прекопот. Градоначалниците побараа фирмите да ги согласуваат нивните годишни инвестициски програми со годишните програми на општините и да се дефинира процедурата кога станува збор за итни интервенции и дефекти коишто мора да бидат санирани во најкраток рок.

Градоначалникот Трајановски ги информираше своите колеги дека наредната година Градот Скопје ќе набави 12 нови возила за собирање смет со што ќе се подобри работата на ЈП „Комунална хигиена". Градоначалниците разговараа и за предлогот да се најде локација за изградба на централна компостара во којашто ќе се складираат собраните лисја што паѓаат на јавните површини и ќе се претвораат во природно ѓубриво. Трајановски предложи во наредниве месеци да се работи и на кампања за промоција на компостирањето во дворовите на индивидуалните куќи.

На седницата на Координативното тело на градоначалници на скопските општини се разговараше и за подобрување на работата на ЈП „Паркови и зеленило" преку набавка на нови, 15 возила за кастрење на крошните на дрвјата, за косење и за корнење пенушки. На средбата стана збор и за функционирањето на зимската служба и на кризниот штаб, за наплатата на данокот на имот и за новиот циклус посети на градоначалникот Трајановски на скопските општини.



# НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УГОСТИТЕЛИ

Рестораните „Три Бисери“, „Амигос“ и „Гурмет“ се прогласени за најдобри ресторани за годинава во Скопје, избор што се организира во рамките на традиционалната градска манифестација „Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите 2009“. Во категоријата гостилници, првите три плакети им припаднаа на гостилниците „Лира“, „ИВ“ и на „Идадија“.

- Ова е најдобриот начин со објективно оценување да се одреди најдобрата услуга на угостителите во нашиот град. Ваквите манифестации воедно значат и поттик и мотив за натамошно подобрување на изгледот на угостителските објекти, но и за подобрување на квалитетот на услугата - истакна градоначалникот Коце Трајановски којшто ги додели наградите на најдобрите угостители.

Во манифестацијата „Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите 2009“ годинава беа испитувани и оценувани стотина објекти по случаен избор, а испитувањата ги спроведуваа членови на агенцијата „SWOT - Research“. Објектите се испитуваа во периодот од 15 октомври до 15 ноември, а се оценуваа неколку критериуми: прв впечаток или контакт, изглед на објектот, изглед на внатрешниот простор, изглед на барот, услугата на келнерите, квалитетот на храната и завршен контакт.

Манифестацијата „Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите 2009“ се одржува вторпат, а е во организација на Градот Скопје.



# ГРАДОТ СКОПЈЕ СО СВОЈ ШТАНД НА „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“

Градот Скопје со свој штанд се претстави на петтиот по ред Саем на општини – „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“, којшто се одржа на 25 и на 26 ноември, на скопското саемиште. Саемот на општини беше во организација на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС.

На штандот на Градот Скопје, на 50 квадратни метри, посетителите имаа можност да се запознаат со дел од проектите на Градот Скопје, како и со дел од туристичката понуда.

„ЗЕЛС ЕКСПО 2009“ годинава се организираше под мотото „Фискалната децентрализација, улогата и можностите за општините во Република Македонија“.



# ПРВА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ТОРТИЈАДА ВО СКОПЈЕ

Ноќниот клуб „Хард Рок“ минатиот месец беше домаќин на хуманитарна лицитација на торти што беа подготвени на првата Интернационална тортијада „INTERSCOPECAKES 2009“ којашто се одржа во Скопје. Собраните средства од лицитацијата и од влезниците се наменети за помош на Детското С.О.С село.

Учесниците во тортијадата се натпреваруваа во две категории, аматерска и професионална, а учествуваа слаткарници и ресторани од земјава и од странство коишто се регистрирани за вршење на таа дејност. Во Интернационалната тортијада „INTERSCOPECAKES 2009“ учествуваа мајстори за торти од Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Турција, Црна Гора и од Македонија.

Во професионална конкуренција победи тортата „Венеција“, второто место и припадна на тортата „Махагони“, а третонаградена беше тортата „Јагодина“. Во конкуренција на аматери, наградите им припаднаа на тортата „Србија“, тортата „Селска куќа“ и тортата „Се за љубовта“.

Првата Интернационална тортијада е во организација на Градот Скопје, невладината хуманитарна организација ХОА-Ангелчиња и Младинскиот културен центар.



# ПОСТАВЕНИ СТОЛПЧИЊА ПРЕД ЦРКВАТА „СВЕТИ СПАС“

Дваесет столпчиња деновиве беа поставени на паркингот пред црквата „Свети Спас“, на улицата Самоилова. Столпчињата се со висина од 1 метар и профил од 100 милиметри и ќе оневозможат возила да се паркираат на паркингот од црквата.

На паркингот пред црквата „Свети Спас“ беа поставени и два сообраќајни знаци. На овој потег работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.



# СЕ АСФАЛТИРА ДЕЛ ОД ТРАСАТА НА БУЛЕВАРОТ СРБИЈА

По пробивањето на првите 700 метри од проширувањето на булеварот Србија на потегот од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато кон крстосницата со булеварот 3 Македонска бригада, деновиве се нанесени два слоја асфалт на новиот коловоз, на површина од 5.500 квадратни метри.

Поставувањето на финалниот асфалтен слој со дебелина од 5 сантиметри на овој потег се планира во наредниве денови, но таа градежна активност во голема мера ќе зависи од временските услови.

Проектот за проширување на булеварот Србија продолжува да се реализира според предвидената градежна динамика до реализација на целосната траса од 1.700 метри. Градежните работи на терен ги изведува фирмата „Маврово инженеринг", а средствата во износ од 120 милиони денари, колку што ќе чини изградбата на улицата со уредувањето и поставувањето ново осветлување, целосно ги обезбеди Градот Скопје.

## РЕКОНСТРУИРАН ПАТОТ ОД СРЕДНО ВОДНО ДО МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН"

Оштетените делови на патот од Средно Водно до манастирот „Свети Пантелејмон" деновиве добија нов асфалт.

Стариот асфалт беше изгребен, а потоа изгребените делови беа асфалтирани со три слоја асфалт. Вкупно беа асфалтирани 4.438 квадратни метри, а реконструкцијата, поради лошите временски услови, траеше два месеца.

На реконструираниот дел од патот беа поставени и армирано-бетонски цевки со профил 400 милиметри, во должина од 12 метра, за одвод на атмосферската вода.

Реконструкцијата на патот Средно Водно – манастир „Свети Пантелејмон" изнесува околу 4 (четири) милиони денари, а финансиските средства целосно ги обезбеди Градот Скопје. На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта".



## ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ЗАЖИВУВАЊЕ НА ПАРКОТ „ЛУНА"

Градот Скопје ја почна процедурата за вклучување приватен партнер во финансирањето, изградбата и во давањето услуги на забавен парк во Скопје, со што познатиот детски парк „Луна" би добил нов лик и би прераснал во забавно – рекреативен парк достоен за една метропола. На последната седница на Советот на Град Скопје беше донесена одлука за избор на консултант за спроведување постапка за јавно-приватно партнерство во раководењето со детскиот парк „Луна".

Изработка на студија за јавно-приватно партнерство за раководење на забавен парк во Скопје, изготвување Одлука за почнување постапка за јавно-приватно партнерство, подготовка на документација за објавување јавен повик и анимирање на можните кандидати за приватен партнер се само дел од задолженијата што ќе треба да ги спроведе потенцијалниот консултант за спроведување на постапката за јавно-приватно партнерство во раководењето со детскиот парк „Луна".

## ДОНАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА ОД НИРНБЕРГ

Противпожарната бригада на Градот Скопје доби донација од користена противпожарна опрема од збратимениот град Нирнберг, СР Германија. Станува збор за 120 апарати за дишење Дрегер РА 80 на нормален притисок, 100 маски за дишење тип AUER3S, 30 апарати за дишење Дрегер РА 94, 450 челични боци за притисок од 300 бари, 80 композитни боци од 6,9 литри на 300 бари, 4 колички за наведените боци, 1 сет за преиспитување на квалитетот на воздухот, 300 апарати за предупредување дека постои опасност од смрт и резервни делови за дишните апарати со специјален алат и книга со упатство.

Донираната опрема е компатибилна со онаа што ја користи Територијалната противпожарна единица на Град Скопје, а Градот Нирнберг ќе обезбеди и обука за сервисерите на противпожарната опрема, како и алат за нејзина употреба и одржување.

Износот на донацијата од Градот Нирнберг е во висина од околу 300.000 евра.

## АСФАЛТИРАН ПАТ ГИ ПОВРЗА КОПАНИЦА И РАШЧЕ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Сарај, Блерим Беџети на 17 ноември го пуштија во употреба новиот пат кој ги поврзува селата Копаница и Рашче.

- Реконструираната делница од патот е долга 698 метри со ширина од 3,8 метри. Од двете страни на патот се изведени банкини од по еден метар. Патот Копаница – Рашче е асфалтиран со асфалтен слој дебел 7 сантиметри, а вградена е асфалтна маса од 540 тони. За реконструкција на овој дел од патот Копаница – Рашче, Градот Скопје потроши околу 5 милиони денари. Обновата на овој пат им го олеснува пристапот на жителите на двете села до Скопје, а во истовреме овозможува поврзување со кружниот пат Скопје – Тетово. Градот Скопје и во иднина ќе работи на проекти за подобрување на патната инфраструктура во населените места во општината Сарај – рече градоначалникот Трајановски, на свеченото пуштање во употреба на обновениот пат Копаница – Рашче.

Градежните работи на патот ги изведуваа екипите на „Пелагонија – Гостивар", во траење од еден месец.




# ЧУВАРИ ЌЕ ГО ОБЕЗБЕДУВААТ КАМЕНИ МОСТ

Градот Скопје воведе чуварска служба што ќе патролира на плоштадот „Македонија“ и на Камени мост и ќе ја чува поставената урбана опрема од уништување. На кејот на Вардар деновиве е поставена и стражарска куќарка.

Службата за обезбедување има 24 часовно работно време и е опремена со средства за комуникација и надзор на просторот. За непречено и ефикасно заштитување на просторот обезбедувањето е во постојана врска со полицијата и со надлежните инспекциски органи.

Чуварската служба има цел да го спречи уништувањето на поставените клупи, корпи за отпадоци и на канделабрите, да спречи цртање графити на јавните површини и да ја заштити новата илуминација на Камени мост.



## ОТСТРАНЕТИ ЖОЛТИТЕ ПРЕПРЕКИ ОД БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ

Градот Скопје ги отстрани надолжните жолти препреки од коловозот на булеварот Партизански одреди, по темелното испитување на нивната функционалност.

Главните причини за отстранувањето на жолтите препреки од булеварот Партизански одреди се неискористеноста на коловозната лента од возилата на јавниот градски превоз. И покрај жолтите пречки, крајната коловозна лента беше злоупотребувана за паркирање возила, а на прагот на зимската сезона се отвори и прашањето за непречено поминување на механизацијата за расчистување на снегот.

Градот Скопје планира остатокот од четиристотини надолжни жолти препреки да ги искористи за поставување на средишниот дел од булеварите со двојна бела полна линија, за да се зголеми безбедноста на сообраќајот.

## АСФАЛТ ЗА КРАКОТ 31 ОД УЛИЦАТА ШУТО ОРИЗАРИ

Екипи на Градот Скопје деновиве го асфалтираа кракот 31 од улицата Шуто Оризари, во непосредна близина на истражниот затвор. Овој потег претходно беше раскопан поради поставување атмосферска канализација.

Улицата се асфалтираше во должина од 500 метри, а беа поставени два асфалтни слоја, првиот со дебелина од 6 сантиметри и вториот со дебелина од 4 сантиметри. За асфалтирањето беа употребени вкупно 550 тони асфалтна маса.

Градежните работи на терен ги изведуваа екипите на „Пелагонија“ – Гостивар.

Финансиските средства во износ од 3,5 милиони денари, колку што чини санацијата на овој потег, се целосно обезбедни од Градот Скопје.




## ПОПРАВЕН КОЛОВОЗОТ НА БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ деновиве ги асфалтираа оштетените делови на коловозот на булеварот Никола Карев, во општината Чаир.

Оштетениот асфалт на булеварот беше изгребен на површина од 700 квадратни метри на длабочина од 3 до 5 сантиметри. Екипите на ЈП „Улици и патишта“ потоа ја асфалтираа изгребената површина. За санацијата се употребени 50 тони асфалт тип АБ 11, со дебелина од 5 сантиметри.

Активностите за поправка на оштетениот асфалт на булеварот Никола Карев се изведуваа под сообраќај.

## НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

Во насока на зголемување на безбедноста во сообраќајот, екипите на ЈП „Улици и патишта“, по налог на Градот Скопје, деновиве поставија нови сообраќајни знаци на улиците Христо Татарчев, Народни херои, Огњан Прица, Салвадор Аљенде, Манапо и на булеварот 8 Септември. На улиците Христо Татарчев, Народни херои и Огњан Прица во населбата Кисела Вода поставени се 3 знака за обележување пешачки премини. На улицата Салвадор Аљенде е наместен сообраќаен знак за забрането свртување на десно. На булеварот 8 Септември и на улицата Манапо во населбата Карпош поставени се 3 сообраќајни знаци – триаголник.

Вертикалната сигнализација е обновена и во населбите Чаир и Ѓорче Петров. Во функција на регулирање на сообраќајот се поставија 8 сообраќајни знаци и тоа на булеварот Босна и Херцеговина - 5, на улицата Кемал Сејфула - 1 и на улицата Ѓорче Петров - 2.

## ДОНЕСЕН НАЦРТ – БУЏЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2010 ГОДИНА

Советот на Град Скопје на десеттата седница го усвои Нацрт – буџетот на Град Скопје за 2010 година, кој изнесува 4.393.971.000 денари или околу 72 милиона евра.

Првпат досега, овој нацрт - буџет беше правен според предлозите и барањата на секторите на Градот Скопје и истиот беше презентиран транспарентно пред членовите на Советот на Град Скопје. Нареден чекор е донесување на Буџетот на Град Скопје за 2010 година.



Доделени наградите на фестивалот „CINEDAYS 09“

## ЗЛАТНА ЕВРОПСКА ЅВЕЗДА ЗА „БЕЛАТА ПАНДЕЛКА“

Наградата „Златна европска ѕвезда“ за најдобар филм на реномираниот Фестивал на Европски Филм „CINEDAYS 09“ што се одржуваше од 20 до 26 ноември во Младинскиот културен центар, ја доби филмот „Белата панделка“ на австрискиот режисер Микаел Ханеке. Сребрената европска ѕвезда за најдобра режија отиде во рацете на Бохдан Слама од Чешка, за филмот „Селскиот учител“, а Златно сонце за најдобро сценарио добија Германците Бернд Ланге и Ханс Кристијан Шмид за филмот „Невреме“.

Меѓународното жири на фестивалот избираше меѓу единаесет долгометражни играни филмови од официјалната селекција, сите од поновата европска филмска продукција. Наградите на најдобрите филмови на „CINEDAYS 09“ ги врачи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Градот Скопје за одржување на Фестивалот на Европски Филм „CINEDAYS 09“ од буџетот издвои 700.000 денари.

## УРБАНА ОПРЕМА ЗА ПАРК-ШУМАТА „ГАЗИ БАБА“

Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ изградија една набљудувачница и два павилјони во парк-шумата „Гази Баба“. Во рамките на активностите на Град Скопје за уредување на парк-шумата „Гази Баба“, обновени се два постојни павилјона и поставени се рекреативни елементи за деца при што се оформени пет целини.

Во парк-шумата „Гази Баба“ се изработени и поставени 10 маси со клупи. Се изработуваат и 75 корпи за отпадоци од дрвени елементи и тие ќе бидат поставени на целото подрачје на локалитетот Гази Баба.

Во парк-шумата „Гази Баба“ се засадени 150 садници.



## ДОДЕЛЕНИ 3-ТО ДЕКЕМВРИСКИТЕ ПЛАКЕТИ ЗА 2009 ГОДИНА

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, а како израз на признание за поддршката во обезбедувањето континуитет на работата на РЦПЛИП - Порака од Скопје, градоначалникот Коце Трајановски ја прими 3-то Декемвриската плакета за 2009 година што традиционално ја доделува овој центар.

- Би сакал да истакнам дека Градот Скопје силно ја поддржува Вашата работа којашто ги промовира основните човекови права и слободи на лицата со попреченост како и Вашиот пристап во работата - рече Трајановски.

Плакетите и благодарниците РЦПЛИП – Порака традиционално ги доделува на поединци, институции и организации коишто во текот на годината дале свој придонес за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија.



Донација од Владата

## НОВИ 4.500 КАНТИ ЗА ОТПАД ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Градот Скопје доби донација од 4.500 индивидуални канти за отпад, во рамките на големата акција на Владата на Република Македонија за доделување вкупно 20.000 канти коишто ќе бидат распределени низ општините во земјава.

Станува збор за канти со просторен капацитет од 120 литри, а за нивна набавка Владата издвои 21 милион денари. Донираните канти ќе им бидат доделени на јавните институции каде што ќе почне да се применува систем на селекција на отпадот.

Премиерот Никола Груевски по тој повод изјави дека оваа акција е продолжение на целокупната активност на Владата на Република Македонија за зголемување на јавната хигиена во земјава.



## БЕТОНИРАНИ ПЕШАЧКА ПАТЕКА И ПРИСТАПНИ РАМПИ НА КЕЈОТ

Екипи на Градот Скопје бетонираа пешачка патека и пристапна велосипедска рампа на кејот на реката Вардар, кај Паркот на франкофонијата. Бетонирана е и уште една пристапна рампа, под мостот „Гоце Делчев“, а санирани се и скалите на кејот, кај детскиот парк „Луна“.

Патеката под пешачкиот мост на кејот се бетонираше на површина од 72 квадратни метри со дебелина од 20 сантиметри. Направен е спуст со ископ длабок 2,5 метри, нанесен е слој од тампон, па потоа е бетонирана патеката.

Градежните работи на кејот се изведуваа за да се олесни пристапот на велосипедистите и на ролерџиите на кејот, како и за полесно движење на новото туристичко вовче.

На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.



# ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА РЕНОВИРАНАТА ЗГРАДА НА ДКЦ „КАРПОШ“

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски на 13 Ноември, Денот на ослободувањето на Скопје, официјално го пушти во употреба реновираниот објект на Детскиот културен центар „Карпош“, на булеварот Илинден. Во изминатиот период, внатрешноста на домот беше целосно обновена и опремена со нов мебел, а фасадата на објектот се реставрираше во нејзината автентична боја.

- Зградата во којашто работи Детскиот културен центар „Карпош“ е еден од најзначајните градски објекти на културата и постои 101 година. Во изминативе месеци успеавме да го вратиме стариот сјај на неговата надворешност и да ја подобриме функционалноста на неговата внатрешност. За обнова на Центарот вложивме околу 6 милиони денари, инвестиција којашто е од особено значење за Градот Скопје зашто е наменета за децата чијшто развој сме должни да го поттикнуваме – рече градоначалникот Трајановски на промоцијата на реновираниот објект.

Фасадата на ДКЦ „Карпош“ се реставрираше во нејзината автентична боја, во три нијанси: една за ѕидовите, друга за капителите на прозорците и трета за венците што се декор на самата фасада. Проектот за обнова на зградата на ДКЦ „Карпош“ е на Град Скопје, а градежните работи на објектот ги изведе фирмата „ИВКОПРОМ“.

# РЕАКТИВИРАНА НОЌНАТА АТЛЕТСКА И ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА

Во организација на Сојузот на спортови на Скопје, а под покровителство на Градот Скопје на 14 ноември се одржаа „Ноќна атлетска и велосипедска трка низ улиците на Скопје“. Двете спортски манифестации се одржаа по повод 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје.

Во машка конкуренција на 3.600 и на 1.200 метри на првата „Ноќна атлетска трка низ улиците на Скопје“ победија Трендафилов Ѓорѓи од АК Струмица „Ава“ и Кристиан Ефремов од Велес. Во женска конкуренција први на целта стигнаа Христина Ристеска и Александра Митроска на 3.600, односно на 1.200 метри.

Во првата „Ноќна велосипедска трка низ улиците на Скопје“ во категоријата сениори (мажи) победи Есан Хасановиќ. Во категоријата јуниори прв беше Стефан Петровски од клубот „ВЕЛ-М“ од Куманово, а во категоријата „мастерс“ (повозрасни од 35 години), првото место му припадна на Дејан Тодоров од скопскиот клуб „Енерџи“. Во категорија кадети до 16 години, прв се пласираше Александар Атанасовски од „ВЕЛ-М“- Куманово.

Од жените велосипедисти прва беше Ивана Ананиева од клубот „Поскок“ од Кочани.




Ќе се подготвува Стратешки план

# МОЖНОСТ ЗА ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА СКОПСКИОТ АКВАДУКТ

„Стратешки план за заштита и рехабилитација на археолошкиот локалитет и околината на римскиот аквадукт во Скопје“ е насловот на проектот кој минатиот месец го почнаа Градот Скопје, Управата за заштита на културното наследство, Одделот за процесирање на просторни информации и Центарот за споменици од Католичкиот универзитет од Левен во Фландрија, Кралство Белгија. Стратешкиот план треба да ги идентификува вредностите на римскиот аквадукт и можностите за одржлив економски развој на неговата околина преку негова заштита и претставување пред поширoката јавност. Почетокот на обемниот проект беше означен на 9 ноември годинава, со промоцијата на меморандумот потпишан меѓу имплементаторите.

Во Стратешкиот план за заштита и рехабилитација на археолошкиот локалитет и околината на римскиот аквадукт детално ќе бидат објаснети активностите кои ќе придонесат за рехабилитација на аквадуктот и на неговата околина, потребните конзерваторско - реставраторски интервенции, краткорочните и долгорочните решенија за идната функција на локалитетот и неговата соодветна презентација. Во визијата за локалитетот ќе бидат вклучени добрите искуства на фландриските партнери во комбинирањето на заштитните мерки со еден интегриран и стратешки приод.

Како дел од овој проект веќе се одржаа две работилници, се планира да се одржат и повеќе семинари за стручната и пошироката јавност, а ќе бидат изготвени и публикации, брошури и веб-страница.

Проектот е финансиски поддржан од Програмата за Југоисточна Европа на Владата на Фландрија и се предвидува да трае две години.

Како соработници во проектот од Македонија и Фландрија се вклучени и Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, MESACONS - Македонија и Urbis et Terra-Фландрија, Белгија, а како проектни учесници во проектот учествуваат Конзерваторскиот центар Скопје и општините Бутел и Карпош.



# ДЕСЕТ ИЛЈАДИ ПАРЧИЊА **МАКЕДОНСКА ПАСТРМКА** ПУШТЕНИ ВО ЕЗЕРОТО МАТКА

Десет илјади парчиња подмладок на македонска пастрмка на 17 ноември беа пуштени во езерото Матка како завршница на Проектот за заштита, ревитализација и реинтродукција на македонската пастрмка Salmo macedonicus во водите на Република Македонија. Во овој проект, покрај главниот финансиер ГЕФ (Глобален фонд за заштита на животната средина и природата), Институтот за сточарство - Одделението за рибарство и Македонската риболовна федерација, како еден од имплементаторите и иницијатор на активностите е и Градот Скопје.

- Проектот за заштита на македонската пастрмка чини околу 700.000 денари, а Градот Скопје учествува со 100.000 денари. Целта на проектот е да се овозможи заштита на македонската пастрмка и да се зголеми бројноста на нејзината популација по течението на реката Треска, вклучувајќи ги и акумулациите „Матка“, „Света Петка“ и „Козјак“. Во спротивно, постои реална опасност засекогаш да го загубиме овој специфичен вид риба, наше природно богатство и симбол. Годинава во езерото Матка пуштени се вкупно 25.000 парчиња македонска пастрмка. Градот Скопје наредната година за спроведување на овој проект ќе издвои уште повеќе средства – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на порибувањето на езерото Матка.

Проектот за заштита, ревитализација и реинтродукција на македонската пастрмка Salmo macedonicus ќе придонесе за заштита на македонската пастрмка како дел од богатото природно наследство на кањонот Матка, за збогатување на туристичката атракција преку развој и промовирање на високо квалитетен рекреативен и спортски риболов, за подигање на свеста кај граѓаните, за зајакнување на улогата на туризмот и за учество на заедницата во туристичките активности за да се воспостави економски одржлив и локално базиран еколошки туризам.

Проектот ќе продолжи и наредната година. Носечката улога повторно ќе ја има Градот Скопје, а во активностите ќе се вклучат и Македонската риболовна федерација, Институтот за сточарство - Одделение за рибарство, Здружението на спортски риболовци „Вардар“ од Скопје, како и општините и риболовните друштва од Гостивар, Кичево, Тетово, Старо Нагоричане, Пробиштип, Кочани и од Берово.






„ЗЕЛС-ЕКСПО 2009“